Информативен лист за негуватели

1

# Организација на негуватели во Нов Јужен Велс

## Кои лица се негуватели?

Негувателите се роднини и пријатели што се грижат за онеспособени лица, лица со душевна болест, со хронични болести или кои се изнемоштени и стари. Може да се грижите за вашиот сопруг, сопруга, родител, дете, дедо или баба, внук или внука, вујко, чичко, тетка, стрина, сосед или пријател. Негувањето не е секогаш лесно. Може да има многу прашања што сакате да ги поставите, на пример:

- Тукушто станав негувател – од каде да почнам?
- Каква финансиска помош можам да добијам?
- Може ли да разговарам со некого во врска со тоа како се чувствувам?
- Кои служби можат да ни помогнат?
- Како можам да запознаам други луѓе како мене?
- Како да ги вршам истовремено негата и другите обврски?
- Како можам да се одморам на начин што ќе биде добар и за мене и за лицето на кое му пружам поддршка?
- Дали треба да се откажам од работата?

## Кои служби и каква поддршка ми стојат на располагање?

Помошта може да ви биде од корист и на вас и на лицето на кое му пружате поддршка. Еве примери за некои служби:

- Групи за поддршка на негуватели
- Здравствени центри во заедницата
- Служби за достава на храна
- Помош во домот
- Одржување и приспособување на домот
- Одмена од негата
- Превоз
- Доброволечки програми

## Што обезбедува организацијата Carers NSW?

- Специјализирани информации и совети за негуватели
- Душевна поддршка
- Програми за поучување и обука
- Програми за советување
- Комплет за поддршка на негувателите на македонски јазик

# Организација на негуватели во Нов Јужен Велс

## Како да стапите во контакт со нас?

Може да се јавите во **Carers NSW** на **1800 242 636**. Ако англискиот не ви е мајчин јазик, може да ни се јавите преку Телефонската преведувачка служба (TIS) на 13 14 50. Или пак може да замолите роднина или работник да ни се јави од ваше име. Ако вашиот роднина има време само ноќе, може да оставите порака на нашиот автомат за одговарање со вашето име, телефонски број и јазикот што го зборувате, и ние ќе ви се јавиме на вас преку преведувач.

## Како да поднесам поплака?

Ако сте негувател, можеби ќе си имате работа со многу различни луѓе, служби и организации што ќе ви помагаат во вршењето на вашите обврски како негувател. Понекогаш може да се јават проблеми и можеби ќе сакате да се пожалите во врска со тоа. Кога нешто е неправедно, или ако верувате дека кон вас или кон лицето кое го негувате некој се однесувал неразумно, имате право да го кажете тоа и проблемот да биде решен. Ако не сте сигурни, ве молиме јавете се во **Carers NSW** на **1800 242 636** за да поразговарате за вашата поединечна ситуација.

**Carers NSW Inc.** ABN 45 461 578 851
Roden Cutler House, Level 18, 24 Campbell Street, Sydney NSW 2000 • PO Box 20156, World Square NSW 2002
P 02 9280 4744 F 02 9280 4755 E contact@carersnsw.asn.au **www.carersnsw.asn.au**
Carers line: 1800 242 636 (free call)
*Carers NSW is funded by State and Australian Governments*
*Donations over $2 are tax deductible*

DADHC Department of Ageing, Disability & Home Care

2586 about - macedonian